|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 924 | 727 | 710 | 793 | 937 | 145 | 850 | 206 |
| 17.46% | 13.74% | 13.42% | 14.98% | 17.71% | 2.74% | 16.06% | 3.89% |

| | СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛИЦИЈА - ЖИВОТНИ | 14 | 7 | 5 | 1 | 10 | 0 | 11 | 1 |
| ПОЛИЦИЈА - ИМОТ | 69 | 64 | 82 | 69 | 87 | 14 | 58 | 20 |
| ПОЛИЦИЈА - ЛИЦА | 245 | 212 | 281 | 319 | 363 | 35 | 235 | 68 |
| ПОЛИЦИЈА - ОРУЖЈЕ | 7 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| ПОЛИЦИЈА- ОСТАНАТО | 299 | 287 | 179 | 295 | 209 | 71 | 338 | 64 |
| ПОЛИЦИЈА- СООБРАЌАЈ | 290 | 154 | 162 | 108 | 268 | 25 | 207 | 53 |
| Вкупно | 924 | 727 | 710 | 793 | 937 | 145 | 850 | 206 |
| Процент: | 17.46% | 13.74% | 13.42% | 14.98% | 17.71% | 2.74% | 16.06% | 3.89% |

- **Октомври 2024 година**

| СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1201 | 666 | 701 | 699 | 967 | 451 | 929 | 1028 |
| 18.08% | 10.03% | 10.55% | 10.52% | 14.56% | 6.79% | 13.99% | 15.48% |

| | СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛИЦИЈА - ЖИВОТНИ | 9 | 4 | 4 | 3 | 0 | 3 | 3 | 11 |
| ПОЛИЦИЈА - ИМОТ | 114 | 53 | 81 | 73 | 102 | 33 | 76 | 139 |
| ПОЛИЦИЈА - ЛИЦА | 278 | 215 | 297 | 269 | 386 | 145 | 267 | 397 |
| ПОЛИЦИЈА - ОРУЖЈЕ | 9 | 2 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 5 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛИЦИЈА- ОСТАНАТО | 410 | 230 | 152 | 236 | 219 | 163 | 364 | 251 |
| ПОЛИЦИЈА- СООБРАЌАЈ | 381 | 162 | 166 | 118 | 259 | 104 | 218 | 225 |
| Вкупно | 1201 | 666 | 701 | 699 | 967 | 451 | 929 | 1028 |
| Процент: | 18.08% | 10.03% | 10.55% | 10.52% | 14.56% | 6.79% | 13.99% | 15.48% |

- **Ноември 2024 година**

| СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1001 | 585 | 708 | 705 | 930 | 611 | 873 | 1162 |
| 15.22% | 8.90% | 10.77% | 10.72% | 14.14% | 9.29% | 13.28% | 17.67% |

| | СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛИЦИЈА - ЖИВОТНИ | 4 | 9 | 4 | 7 | 2 | 5 | 12 | 7 |
| ПОЛИЦИЈА - ИМОТ | 99 | 49 | 100 | 83 | 107 | 42 | 63 | 155 |
| ПОЛИЦИЈА - ЛИЦА | 196 | 156 | 269 | 281 | 353 | 153 | 209 | 399 |
| ПОЛИЦИЈА - ОРУЖЈЕ | 2 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 3 | 4 |
| ПОЛИЦИЈА- ОСТАНАТО | 321 | 192 | 155 | 206 | 201 | 239 | 337 | 280 |
| ПОЛИЦИЈА- СООБРАЌАЈ | 379 | 179 | 177 | 125 | 267 | 172 | 249 | 317 |
| Вкупно | 1001 | 585 | 708 | 705 | 930 | 611 | 873 | 1162 |
| Процент: | 15.22% | 8.90% | 10.77% | 10.72% | 14.14% | 9.29% | 13.28% | 17.67% |

- **Декември 2024 година**

| СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 963 | 707 | 715 | 750 | 911 | 681 | 1080 | 1063 |
| 14.02% | 10.29% | 10.41% | 10.92% | 13.26% | 9.91% | 15.72% | 15.47% |

| | СВР Скопје | СВР Велес | СВР Штип | СВР Струмица | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Тетово | СВР Битола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛИЦИЈА - ЖИВОТНИ | 10 | 10 | 9 | 3 | 3 | 3 | 16 | 18 |
| ПОЛИЦИЈА - ИМОТ | 86 | 73 | 109 | 84 | 115 | 49 | 59 | 146 |
| ПОЛИЦИЈА - ЛИЦА | 203 | 199 | 301 | 309 | 338 | 193 | 273 | 387 |
| ПОЛИЦИЈА - ОРУЖЈЕ | 7 | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 | 2 | 6 |
| ПОЛИЦИЈА- ОСТАНАТО | 348 | 227 | 139 | 215 | 189 | 238 | 362 | 209 |
| ПОЛИЦИЈА- СООБРАЌАЈ | 309 | 198 | 156 | 137 | 264 | 198 | 368 | 297 |
| Вкупно | 963 | 707 | 715 | 750 | 911 | 681 | 1080 | 1063 |
| Процент: | 14.02% | 10.29% | 10.41% | 10.92% | 13.26% | 9.91% | 15.72% | 15.47% |

## 7. ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Во текот на 2024 година кон ИМП се проследени **29457** повици и тоа:

**Број на проследени повици кон службата на ИМП на територија на РСМ**

| **ИМП** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 1047 | 850 | 820 | 804 | 740 | 825 | 803 | 602 | 666 | 849 | 759 | 698 |
| **Тетово** | 113 | 64 | 65 | 86 | 83 | 68 | 68 | 63 | 56 | 80 | 63 | 57 |
| **Гостивар** | 22 | 33 | 40 | 30 | 33 | 32 | 48 | 51 | 27 | 47 | 35 | 42 |
| **Кичево** | 40 | 40 | 30 | 29 | 34 | 21 | 24 | 35 | 39 | 21 | 36 | 33 |
| **Дебар** | 19 | 7 | 7 | 6 | 12 | 17 | 18 | 19 | 10 | 19 | 16 | 6 |
| **Вевчани** | 0 | 3 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| **Струга** | 80 | 83 | 62 | 84 | 85 | 96 | 85 | 63 | 36 | 35 | 43 | 29 |
| **Охрид** | 151 | 70 | 71 | 70 | 71 | 137 | 131 | 107 | 85 | 94 | 66 | 88 |
| **Македонски Брод** | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 | 3 | 2 | 3 | 2 | 8 | 3 | 11 |
| **Битола** | 141 | 127 | 120 | 96 | 92 | 105 | 124 | 82 | 83 | 114 | 136 | 140 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Демир Хисар** | 4 | 1 | 1 | 2 | 11 | 10 | 5 | 4 | 5 | 3 | 8 | 2 |
| **Ресен** | 30 | 18 | 23 | 14 | 22 | 15 | 19 | 23 | 23 | 16 | 16 | 21 |
| **Прилеп** | 148 | 122 | 124 | 94 | 111 | 113 | 112 | 81 | 74 | 119 | 138 | 145 |
| **Крушево** | 13 | 7 | 7 | 10 | 6 | 6 | 12 | 6 | 9 | 7 | 9 | 5 |
| **Кавадарци** | 86 | 67 | 78 | 61 | 55 | 68 | 63 | 51 | 74 | 60 | 53 | 56 |
| **Неготино** | 26 | 15 | 13 | 10 | 8 | 12 | 21 | 11 | 40 | 30 | 43 | 27 |
| **Велес** | 187 | 129 | 152 | 152 | 99 | 114 | 118 | 89 | 120 | 100 | 99 | 93 |
| **Свети Николе** | 52 | 34 | 24 | 25 | 34 | 26 | 28 | 29 | 42 | 40 | 35 | 76 |
| **Куманово** | 203 | 195 | 153 | 201 | 196 | 201 | 215 | 224 | 168 | 192 | 137 | 171 |
| **Кратово** | 24 | 18 | 22 | 26 | 16 | 27 | 22 | 7 | 15 | 21 | 20 | 17 |
| **Крива Паланка** | 37 | 29 | 17 | 15 | 24 | 20 | 25 | 15 | 12 | 24 | 23 | 36 |
| **Липково** | 5 | 6 | 2 | 7 | 4 | 7 | 6 | 7 | 6 | 5 | 4 | 7 |
| **Штип** | 148 | 116 | 132 | 107 | 123 | 106 | 131 | 87 | 110 | 112 | 112 | 126 |
| **Пробиштип** | 28 | 24 | 35 | 15 | 24 | 24 | 30 | 10 | 25 | 26 | 20 | 25 |
| **Кочани** | 62 | 42 | 56 | 42 | 54 | 46 | 62 | 46 | 42 | 43 | 61 | 61 |
| **Виница** | 11 | 15 | 13 | 8 | 9 | 0 | 13 | 12 | 9 | 11 | 11 | 16 |
| **Делчево** | 9 | 3 | 11 | 18 | 11 | 19 | 11 | 16 | 21 | 17 | 13 | 10 |
| **Македонска Каменица** | 6 | 20 | 23 | 16 | 12 | 7 | 3 | 3 | 7 | 2 | 4 | 1 |
| **Берово** | 10 | 14 | 10 | 14 | 20 | 9 | 6 | 9 | 6 | 20 | 6 | 8 |
| **Пехчево** | 6 | 7 | 4 | 5 | 11 | 6 | 3 | 11 | 8 | 3 | 7 | 3 |
| **Радовиш** | 43 | 25 | 32 | 38 | 47 | 38 | 51 | 49 | 36 | 31 | 34 | 40 |
| **Струмица** | 97 | 106 | 94 | 54 | 91 | 89 | 114 | 114 | 102 | 89 | 83 | 88 |
| **Валандово** | 12 | 8 | 21 | 6 | 5 | 9 | 11 | 13 | 5 | 5 | 9 | 18 |
| **Гевгелија** | 35 | 29 | 49 | 52 | 25 | 33 | 41 | 40 | 32 | 28 | 20 | 46 |
| **Богданци** | 8 | 12 | 4 | 12 | 6 | 3 | 7 | 7 | 2 | 8 | 13 | 4 |

**Преглед на испратени ПЗУ од ИМП**




**Преглед на испратени ПЗУ од ИМП**

| Тип | Испратени ПЗУ | |
|---|---|---|
| ИМП - АСИСТЕНЦИЈА | 1960 | 6.65% |
| ИМП - БОЛКА | 3938 | 13.37% |
| ИМП - ЖИВОТНО | 29 | 0.10% |
| ИМП - ОСТАНАТО | 12110 | 41.11% |
| ИМП - ПОВРЕДА | 1128 | 3.83% |
| ИМП - РЕАКЦИЈА | 626 | 2.13% |
| ИМП - СВЕСНА СОСТОЈБА | 9666 | 32.81% |
| Вкупно: | 29457 | |

## 8. ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ

Во текот на 2024 година кон бППЗ/ППЕ се проследени **6447** повици и тоа:

**Број на проследени повици ТППЕ/ППЕ на територија на РСМ**

| бППЗ/ППЕ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 118 | 201 | 81 | 146 | 58 | 144 | 272 | 270 | 195 | 111 | 84 | 47 |
| **Тетово** | 3 | 14 | 18 | 32 | 6 | 10 | 24 | 34 | 24 | 13 | 16 | 11 |
| **Гостивар** | 1 | 9 | 11 | 28 | 4 | 4 | 22 | 38 | 21 | 11 | 9 | 6 |
| **Кичево** | 0 | 1 | 1 | 6 | 3 | 16 | 3 | 67 | 3 | 2 | 6 | 4 |
| **Дебар** | 0 | 8 | 1 | 0 | 2 | 0 | 44 | 2 | 6 | 1 | 1 | 3 |
| **Вевчани** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| **Струга** | 6 | 8 | 12 | 9 | 4 | 11 | 31 | 58 | 13 | 2 | 2 | 8 |
| **Охрид** | 7 | 7 | 11 | 14 | 4 | 8 | 30 | 51 | 16 | 6 | 10 | 4 |
| **Македонски Брод** | 0 | 2 | 1 | 4 | 0 | 0 | 14 | 16 | 2 | 0 | 1 | 1 |
| **Битола** | 10 | 22 | 9 | 20 | 10 | 18 | 71 | 35 | 12 | 15 | 19 | 7 |
| **Демир Хисар** | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 8 | 7 | 4 | 3 | 4 | 0 |
| **Ресен** | 0 | 4 | 5 | 8 | 1 | 2 | 3 | 35 | 2 | 3 | 0 | 0 |
| **Прилеп** | 14 | 31 | 15 | 11 | 3 | 13 | 42 | 27 | 39 | 18 | 6 | 5 |
| **Крушево** | 0 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| **Кавадарци** | 3 | 9 | 4 | 4 | 1 | 8 | 13 | 13 | 9 | 7 | 6 | 7 |
| **Неготино** | 0 | 6 | 7 | 10 | 1 | 8 | 28 | 7 | 8 | 1 | 1 | 1 |
| **Велес** | 13 | 13 | 8 | 2 | 8 | 22 | 53 | 22 | 30 | 9 | 4 | 4 |
| **Свети Николе** | 1 | 10 | 2 | 6 | 2 | 11 | 59 | 3 | 4 | 0 | 6 | 1 |
| **Куманово** | 23 | 48 | 5 | 19 | 11 | 25 | 95 | 53 | 37 | 18 | 21 | 16 |
| **Кратово** | 1 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 | 10 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 |
| **Крива Паланка** | 5 | 4 | 2 | 5 | 0 | 2 | 7 | 9 | 2 | 2 | 3 | 1 |
| **Липково** | 0 | 3 | 1 | 2 | 0 | 1 | 13 | 15 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **Штип** | 20 | 28 | 15 | 11 | 6 | 11 | 105 | 59 | 17 | 18 | 14 | 8 |
| **Пробиштип** | 2 | 13 | 1 | 3 | 0 | 2 | 21 | 23 | 1 | 2 | 0 | |
| **Кочани** | 4 | 22 | 11 | 16 | 3 | 18 | 33 | 19 | 9 | 8 | 5 | 4 |
| **Виница** | 0 | 6 | 3 | 2 | 0 | 2 | 7 | 4 | 1 | 2 | 4 | 1 |
| **Делчево** | 0 | 7 | 7 | 11 | 0 | 3 | 6 | 4 | 4 | 4 | 1 | 2 |
| **Македонска Каменица** | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Берово** | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 0 | 11 | 11 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| **Пехчево** | 0 | 4 | 2 | 1 | 0 | 1 | 3 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Радовиш** | 2 | 15 | 4 | 2 | 0 | 10 | 15 | 13 | 4 | 5 | 6 | 10 |
| **Струмица** | 13 | 22 | 5 | 14 | 12 | 34 | 53 | 19 | 18 | 18 | 16 | 2 |
| **Валандово** | 7 | 4 | 2 | 1 | 2 | 16 | 0 | 14 | 2 | 7 | 8 | 0 |
| **Гевгелија** | 10 | 10 | 4 | 1 | 1 | 11 | 15 | 9 | 6 | 4 | 6 | 2 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Богданци** | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 6 | 1 | 0 | 2 | 3 | 0 |

**Преглед на испратени ПЗУ од ППЗ**




**Преглед на испратени ПЗУ од ППЗ**

| Тип | Испратени ПЗУ | |
|---|---|---|
| ПОЖАР - ОБЈЕКТИ | 644 | 9.99% |
| ПОЖАР – ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА | 198 | 3.07% |
| ПОЖАР – ОТВОРЕН ПРОСТОР | 3435 | 53.28% |
| АСИСТЕНЦИЈА | 79 | 1.23% |
| ППЗ Останато | 2091 | 32.43% |
| Вкупно: | 6447 | |

## 9. УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ (Итна состојба)

Во текот на 2024 година кон ЦУК/СОК се испратени **5568** ПЗУ и тоа:

**Преглед на испратени ПЗУ од КРИЗА (Итна состојба)**




**Преглед на испратени ПЗУ од КРИЗА (Итна состојба)**

| Тип | Испратени ПЗУ | |
|---|---|---|
| ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ | 1076 | 19.32% |
| ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ | 13 | 0.23% |

| | | |
|---|---|---|
| МАСОВНИ ТРУЕЊА | 8 | 0.14% |
| ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ | 5 | 0.09% |
| ЗАГАДУВАЊЕ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 222 | 3.99% |
| СЕРВИСНИ УСЛУГИ | 2866 | 51.47% |
| ОСТАНАТО | 1378 | 24.75% |
| Вкупно: | 5568 | |

## 10. АМСМ

Во текот на 2024 година кон АМС се проследени **187** повици и тоа:

**Преглед на испратени ПЗУ од АМСМ**




**Преглед на испратени ПЗУ од АМСМ**

| Тип | Испратени ПЗУ | |
|---|---|---|
| Дефект на возило | 164 | 87.70% |
| Застој во сообраќај | 23 | 12.30% |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно: | 187 | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерки и активности ( од Годишниот план за работа ) кои биле планирани, а не биле спроведени** | **Образложение за причините поради кои мерките/активностите не биле спроведени** | **Оценка за влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата** | **Препорака за мерките кои треба да се преземат во наредниот циклус на планирање за да се обезбеди постигнување на резултатите и целите на програмата/потпрограмата** |
| Годишен извештај за извршени ревизии и активности на внатрешна ревизија на Центарот за 2024 | Работното место внатрешен ревизор е испразнето и истото е непополнето. Побарано е пополнување од МИОА, | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | согласно трансфер листа преку мобилност, но е добиен негативен одговор дека такви лице нема. | | |
| Годишен план за внатрешна ревизија за 2024 година | // | | |
| Стратешки план за внатрешна ревизија за период 2025-2027 година | // | | |
| Упатување на уште еден претставник на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО Брисел, Белгија | Работно место според систематизација и предвидено е во ГО на ЦУК | | По потреба во иднина ке се надополни |
| Активности за воспоставување и модернизација на УКБ радио системите и системите за јавно тревожење на РЦУК во РСМ | За модернизација се потребни повеќе финансиски средства и потребно е да се планирани во наредниот буџет на ЦУК при имплементација на Е-112 | СУК нема резервен систем за комуникацијата (УКБ радио врски), кои како стандард на развиените земји е потребен при пат на мобилната и интернет комуникација. Системот за управување со кризи нема online функционален систем за јавно тревожење. | При надградба и модернизација на Европскиот број за итни повици Е-112, следно да се планираат и одобрат финансиски средства со што ќе се надгради Системот за управување со кризи со модерни комуникациски УКБ радио врски и Систем за јавно тревожење. |
| Планирање на техничко опремување на системот за КЗ-МКШ, кадровско пополнување и организирање обука.<br><br>Нереализирани се 9 јавни набавки заради<br><br>Упатување на претставници (членови) на ЦУК во Техничкиот комитет 9 во рамките на ИСРСМ<br><br>Подготовка на Центарот за сертификација | Поради недистиг на финансиски средства, за набавка на потребните средства за КЗ-МКШ, истиот е нереализиран и препланиран за 2025г.<br><br>Следствено на средствата, да се препланираат и потребните обуки<br><br>-делумно спроведена,- (извршена) обука на 10 лица<br><br>Заради недоставени барања од страна на овластените лица, немање доволно средства во Буџетот (намалени заради извршни исплати) или по други законски основи.<br><br>Се уште нема верификација од одговорното лице во Центарот за управување со кризи.<br><br>Нема формирано работна група во | Функционален застарен систем на КЗ-МКШ<br><br>Пожелно е да се аплицираат членови, преставници од ЦУК во Техничкиот комитет 9 во рамките на ИСРСМ<br><br>Со формирање на работна група ќе се | Набавка на средства и спроведување на обука заради функционирање на систем КЗ-МКШ, компактибилен со системите на НАТО .<br><br>Сектор за финансиски прашања<br><br>Потребно е одговорното лице во Центарот за управување со кризи да верификува членови, преставници од ЦУК во Техничкиот комитет 9 во рамките на ИСРСМ.<br><br>Потребно е да се формира работна група |

| | | | |
|---|---|---|---|
| со стандардот | Центарот за управање со кризи преку која ќе се отпочне со сертификација на стандардот | отпочне со подготовка на ЦУК за сертифицирање | во ЦУК за спроведување и имплементација на стандардот ИСО МК 9001:2015 |
| Подготовка за воведување на ИСО стандарди и други национални и меѓународни стандарди и заедничка рамка за процена (ЦАФ) во Центарот за управување со кризи кои се поврзани со функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систем Е-112 со единствен број на повикување, НИЦС, МКФФИС; | Нема формирано работна група во Центарот за управање со кризи преку која ќе се отпочне со сертификација на стандардот | Со формирање на работна група ќе се отпочне со подготовка на ЦУК за сертифицирање ИСО стандарди и други национални и меѓународни стандарди кои се поврзани со функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систем Е-112 со единствен број на повикување, НИЦС, МКФФИС; | Потребно е да се формира работна група во ЦУК со што ќе се отпочне со подготовка на ЦУК за сертифицирање ИСО стандарди и други национални и меѓународни стандарди кои се поврзани со функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систем Е-112 со единствен број на повикување, НИЦС, МКФФИС |

**2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата**

**ИНИЦИЈАТИВИ 2024-**

Од Центарот за управување со кризи не се доставени Иницијативи за Годишна програма за работа на Владата на РСМ за 2024 година..

**1.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на Центарот**

Преглед на подзаконската регулатива и други акти донесени од страна на директорот на Центарот, а кои се поврзани со законската регулатива утврдена од страна на Владата или со тековното работење на Центарот.

**Целосно ангажирање на органите и телата во системот за управување со кризи и на Центарот за управување со кризи како носител на вкупната поддршка (стручна, организациона, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена во услови на:**

- Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението.
- Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија (безбедносна Идризово)
- Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија (безбедносна Идризово)
- Одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спрешување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово.
- Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија
- Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

- Одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија.

**Во 2024 година изготвени се:**

Во **Годишниот план за обука** на Центарот за 2024 година, вкупно 30 административни службеници посетиле стручни обуки од кои 11 жени и 19 мажи.

**Решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2024 година во Центарот за управување со кризи** (бр.22-108/1 од 09.01.2024 година) и **7 изменети Решенија** за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2024 година на Центарот. Копии од првото Решение за внатрешна распределба на вкупно одобрениот буџет за 2024 година во Центарот за управување со кризи, Решенијата за давање генерални овластувања, Регистерот на овластувања потпишан од Директорот на Центарот за управување со кризи и од сите приматели на овластување се доставени до Министерство за финансии-Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор со акт бр.22-170/1 од 16.01.2024 година.

Измените на Решението за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2024 година во Центарот за управување со кризи се извршени врз основа на:

- 1ва измена: врз основа на Одобрението од Министерството за финансии за прераспределба на средства утврдени со Буџетот на РСМ за 2024 година бр.08-4/18-1 од 13.02.2024 година, дописот за интерна пренамена бр.47-393/1 од 09.02.2024 година и реализирани исплати по извршни исправи.
- 2ра измена: врз основа на Одлуката за одобрување на средствата од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр.41-289/5 од 06.02.2024 година донесена од Владата на Република Северна Македонија.
- 3та измена: врз основа на Член 7 од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2024 година (Службен весник на РСМ бр.283/2023), реализирани исплати по извршни исправи и други интерни потреби и усогласувања.
- 4та измена: врз основа на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на РСМ за 2024 година- Ребаланс (Службен весник на РСМ бр.169 од 15.08.2024 година), Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр.41-7216/3 од 13.08.2024 година донесена од Владата на Република Северна Македонија, реализирани исплати по извршни исправи и други интерни потреби и усогласувања.
- 5та измена: врз основа на Одобрението за прераспределба на средства утврдени со Буџетот на РСМ за 2024 година бр.08-4/261 од 30.08.2024 година, Одлуката за одобрување на средствата од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр.41-7705/3 од 10.09.2024 година донесена од Владата на Република Северна Македонија, реализирани исплати по извршни исправи и други интерни усогласувања и потреби.
- 6та измена: врз основа на Одобрението за прераспределба на средства утврдени со Буџетот на РСМ за 2024 година бр.08-4/577-1 од 06.12.2024 година, Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите (Сл.весник на РСМ бр.250/2024), реализирани исплати по извршни исправи и други интерни усогласувања и потреби.
- 7ма измена: врз основа на реализирани исплати по извршни исправи и други интерни усогласувања и потреби.

До Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови во текот на 2024 година **доставени се 5 барања за пренамена на финансиски средства**

**во рамките на одобрениот Буџет за 2024 година** од сметката 050046015163718 - основна сметка (бр.22-108/3 од 12.01.2024 година, бр.22-108/7 од 29.05.2024 година, бр.22-108/10 од 19.08.2024 година, бр.22-108/13 од 19.09.2024 година и бр.22-2578/1 од 27.11.2024 година).

**Годишен финансиски план на расходи по квартали и квартален финансиски план на расходи за 2024 година по потпрограми на Центарот за управување со кризи** изработени се **4** основни годишни и квартални финансиски планови за сметката 050046015163718 согласно законски квартални рокови, и изработени се **7 измени** на годишниот и кварталните планови по разни основи (2 измени на К1, 3 измени на К3 и 2 измени на К4) и истите се доставени до Министерството за финансии-Сектор трезор.

**Годишна завршна сметка на ЦУК за 2023 година** за вкупно 8 сметки – основна, приходна и 6 донаторски (за проекти NICS, HELP, J-CROSS, CRISIS и eFIDAR и донација од Република Романија).

**Веб апликацијата е-Обврски** во 2024 година за основната сметка реализирани се **134 Изводи на промет и состојба на сметка** врз основа на **изработени 315 налози за плаќање** кои беа доставени во Трезорската канцеларија Скопје на Одделение за регионално трезорско работење при Секторот трезор на Министерството за финансии.

**Годишниот финансиски извештај за 2023 година на Центарот за управување со кризи** е доставен до Министерство за финансии-Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор со акт бр.21-900/4 од 30.04.2024 година.

**Податоци за Фискална стратегија на Центарот за управување со кризи за период од 2025-2029 година**, со проекции на приходи и расходи и кратко образложение се доставени до Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови со акт бр.22-693/3 од 18.03.2024 година (податоците се пополнети и поднесени и во е-Циркулар).

**Буџетското барање на Центарот за управување со кризи за 2025 година** (Предлог Буџет за 2025 година) со соодветните обрасци од Е-циркулар заедно со текстуално образложение на Предлог-буџетската пресметка, прилог табеларен преглед по потставки, предлог Годишната програма за вработување за 2025 година и Нацрт Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2025 – 2027 година се доставени до Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови во прилог со акт бр.22-1817/3 од 30.08.2024 година (податоците се пополнети и поднесени и во е-Циркулар).

**Податоци за измени и дополнувања на Буџетот на РСМ за 2024 година (Ребаланс)** со акт бр.22-1456/2 од 04.07.2024 година. Наведените износи во табелите беа во согласност со претходно доставено барање од наша страна за измена-ребаланс на Буџетот на ЦУК за 2024 година кое беше доставено до Министерството за финансии со акт бр.22-108/8 од 19.06.2024 година и дополна на барањето (дополнително појаснување за категорија 40) со акт број 21-1427/1 од 01.07.2024 година.

**Податоци за прераспределба на средства на ЦУК** (пополнети табели за намалување/зголемување на расходните ставки) со акт бр.22-108/17 од 08.11.2024 година.

**Годишен план за јавни набавки во 2024 година на Центарот за управување со кризи (бр.25-278/1 од 30.01.2024 година)**, и во текот на 2024 година извршени се 1 измена и 3 дополни на Планот за јавни набавки.

Од вкупно 48 ставки во годишниот план за јавни набавки (24 за набавка на стоки, 22 за набавка на услуги и 1 за набавка на работи), нереализирани се 9 јавни набавки (6 за набавка на стоки, 2 за набавка на услуги и 1 за набавка на работи) заради недоставени барања од страна на овластените лица, немање доволно средства во Буџетот (намалени заради извршни исплати) или по други законски основи.

**Секторот за финансиски прашања изработи и повеќе информации до Влада со придружна документација за потребите од итно доделување на средства од Буџетот на РСМ за 2024 година:**

Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на РСМ за одржување на Системот за единствениот повикувачки број Е-112, за режиски трошоци и одржување на просториите и опремата во Постојаната Делегација на РСМ во седиштето на НАТО во Брисел и за отворање, отпочнување со функционирање и одржување на просториите и опремата на Центарот за обука за управување со кризи во Куманово (бр.01-91/1 од 05.01.2024 година). Врз основа на доставената информација од страна на Владата на РСМ беше донесена Одлука за одобрување на средствата од резервите

на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр.41-289/5 од 06.02.2024 година, по што беа додадени 21.973.000 денари во финансискиот план на ЦУК на ставка 413-Тековни резерви на 20.02.2024 година, со наменска реализација за одржување на Системот за единствениот повикувачки број Е-112.

Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на РСМ за обезбедување ресурси при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија (бр.01-1765/1 од 09.08.2024 година). Врз основа на доставената информација од страна на Владата на РСМ беше донесена Одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр.41-7216/3 од 13.08.2024 година, по што беа додадени 10.500.000 денари во финансискиот план на ЦУК на ставка 412-Постојана резерва на 21.08.2024 година, со наменска реализација за за сместување, исхрана, патни расходи, транспортни услуги и други потреби на странските воздухоплови и посади.

Информација за потребата од доделување на наменски средства во буџетот на Центарот за управување со кризи, за исплата на прекувремена работа на вработените во Центарот, заради справување со кризната состојба при зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија (бр.01-2100/1 од 24.09.2024 година). Побараните средства во информацијата не беа одобрени од страна на Владата и Министерството за финансии.

Врз основа на доставен допис до Владата на РСМ, донесена е Одлука за одобрување на средствата од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (бр.41-7705/3 од 10.09.2024 година). Во финансискиот план на ЦУК беа додадени 30.750.000 денари на ставка 412-Постојана резерва на 19.09.2024 година со наменска реализација за итна набавка на противпожарна опрема (1.000 метли и 1.000 напртњачи).

**План на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал на Центарот за управување со кризи за 2024 година**, доставен и одобрен од Државен архив на РСМ;

**Листа на архивски материјал за 2024 година на ЦУК,** доставена и одобрена од Државен архив на РСМ;

**Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2024 година на ЦУК**, доставена и одобрена од Државен архив на РСМ;.

**Архивскиот материјал од документарниот материјал со траен карактер од трајна вредност за 2024 година,** издвоен и до 31 март 2024 треба да се достави до Државен архив на РСМ на одобрување.

**Годишен план за работа на Одделението за инспекциски надзор при Центарот**, од предвидени 278 надзори, реализирани се 260 надзори.

**Шестмесечен извештај за работа на Одделението за инспекциски надзор**, од јануари-јуни од предвидени 160 надзори, реализирани 160 и од јули-декември од предвидени 107 , реализирани 99.

Во соработка со **Секретаријатот за европски прашања,** ЦУК учествува во работата на Поткомитетот за животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија. Се доставува пишан материјал за институционалниот напредок и административниот капацитет во делот Цивилна заштита (во однос на имплементација на препораките од Европската Комисија) еднаш годишно, секој февруари месец во тековната година, а претставник од Секторот за меѓународна соработка редовно учествува на состаноците.

Во соработка со **Секретаријатот за европски прашања,** ЦУК учествува во работата на Поткомитетот за животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија. Се доставува пишан материјал за институционалниот напредок и административниот капацитет во делот Цивилна заштита (во однос на имплементација на препораките од Европската Комисија) еднаш годишно, а претставник од Секторот за меѓународна соработка редовно учествува на состаноците.

**До Секретаријат за европски прашања** од страна на ЦУК се доставува пишан материјал за подготовка на придонесот на РСМ кон Извештајот кон Европската Комисија. Документот се ажурира еднаш годишно во месец март и во него се известува за напредокот на Центарот во однос на преземените обврски во ЕУ контекст.

**24/7 следење на состојбите, случените настани и појави и известување на соодветните субјекти на УК и управувачките тела на ЦУК (УК, ГП, ГШУК и РШУК),** изработени 365 редовни информации, 134 вонредни информации и 52 неделни наменски до субјектите во СУК по посебен список, околу 200

информации на национално ниво и неколку илјади информации на локално ниво за констатирани состојби, случени настани и појави на локално ниво.
-СОК преку контролираното функционирање во прифатните транзитни центри (Куманово-Табановце и Винојуг-Гевгелија) и издавањето на пропусници (Табановце издадени вкупно 380 пропусници и Винојуг вкупно 457 пропусници) за движење и работа во кризните подрачја (ПТЦ), дава директен придонес кон приоритетната цел на Владата, односно спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил.

**Нацрт Стратешкиот план за 2025-2027 година на Центарот,** изработен и доставен до ГС на Влада на РСМ и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Годишен план за работа на Центарот за 2024 година,** изработен и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Центарот за 2023 година,** изработен и доставен до ГС на Влада на РСМ и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Извршен е редовен попис на средствата и на изворите на средствата на Центарот со состојба на 31.12.2024 година** и тоа на: основни средства; залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар; и парични средства и хартии од вредност на сметките на Центарот за управување со кризи и во благајните и побарувања и обврски, согласно донесеното Решение за спроведување на попис во ЦУК.

**3. РАЗВИВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ**

**Преглед од влијанието на управувањето со човечките ресурси содржи извештај за:**

- Во Центарот за управување со кризи во работно место советник за оценување, стручно оспособување и усовршување со работна задача „ја извршува улогата на координатор за еднакви можности на жените и мажите и спроведува и предлага посебни и позитивни охрабрувачки и програмски мерки за еднакви можности на жените и мажите во Центарот за управување со кризи согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите„ е уредена материјата од Законот за еднакви можности на мажите и жените. Работното место е непополнето.
- Согласно Законот за класифицирани информации член 61, овластено лице за ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации е Наталија Тофилоска, раководител на Одделение за безбедност и соработка со безбедносни служби.
- Согласно Законот за заштита на лични податоци во Центарот е определен офицер за заштита на лични податоци.
- Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во Центарот е назначено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција.
- Согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место во 2024 година е изработен Правилник за заштита од вознемирување на работно место и е донесено Решение за составување на листа на посредници во случај на вознемирување на работно место, објавени на веб страната на Центарот.
- Согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година, во декември 2024 година е донесен нов Етички кодекс на вработените во Центарот за управување со кризи, назначен е повереник за етика и е формиран Етички комитет, објавени на веб страната на Центарот.

**Во текот на 2024 година:**

преземени со спогодба за трајно вработување од друг орган се вкупно 6 лица:

- 3 лица се од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, согласно Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма): 1 маж - турчин на работно место соработник, 1 маж - албанец на работно место самостоен референт, 1 маж - албанец на работно место референт.

- Од останати институции: 1 маж - албанец на работно место раководител на одделение, 1 маж – македонец на работно место помлад соработник, 1 маж - македонец на работно место помлад референт.
- унапредени се вкупно 6 административни службеници. Од вкупниот број унапредени 1 е жена - албанка на работно место со звање советник и 5 мажи: - 1 македонец на работно место со звање раководител на сектор, 1 македонец на работно место со звање раководител на одделение, 1 влав на работно место со звање раководител на одделение, 1 албанец на работно место со звање советник и 1 албанец на работно место со звање помлад соработник.
- пензионирани се вкупно 10 административни службеници ( 10 македонци) од кои 9 мажи, со звање: 1 раководител на одделение, 2 советници и 6 самостојни референти и 1 жена со звање советник.
- одјавени се вкупно 2 административни службеници со Спогодба за престанок на работен однос (2 македонки - жени) од кои 1 жена со звање самостоен референт и 1 жена со звање помлад референт.
- поради смрт на вработениот - 1 лице –маж, македонец со звање раководител на одделение.

**Преглед на вработените во ЦУК според половата застапеност, посебни потреби и образование** – состојба 15.01.2025 година

| **Работно место** | **Степен на образование на вработените во ЦУК** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Високо** | | **Вишо** | | **Средно** | | **Основно** | | **Вкупно** | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| **Раководно** | 37 | 17 | | | | | | | 37 | 17 |
| **Не раководно** | 86 | 40 | 5 | 1 | 66 | 36 | | | 157 | 77 |
| **Лица со посебни потреби** | | | | | | | | 1 | | 1 |
| **Вработени без статус на државен службеник** | | | | | 5 | | | | 5 | |
| **ВКУПНО** | **123** | **57** | **5** | **1** | **71** | **36** | **/** | **1** | **199** | **95** |

**ТАБЕЛА**
**За вработни во Центарот за управување со кризи со состојба на ден 15.01.2025**

| Националност | Број | Процент од вкупниот број на вработени | Вкупниот број на вработени по пол | | Процент од вкупниот број на вработени по пол | | Раководни државни службеници | Стручни државни службеници | Стручно-административни државни службеници | Други вработени без статус на државен службеник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | Женски | Машки | Женски | | | | |
| Македонци | 170 | 57,83 | 109 | 61 | 37,07 | 20,75 | 43 | 58 | 67 | 2 |
| Албанци | 87 | 29,59 | 67 | 20 | 22,79 | 6,80 | 9 | 49 | 26 | 3 |
| Турци | 25 | 8,50 | 17 | 8 | 5,79 | 2,72 | 1 | 16 | 8 | / |
| Роми | 7 | 2,38 | 3 | 4 | 1,02 | 1,36 | / | 2 | 4 | 1 |
| Власи | 1 | 0,34 | 1 | / | 0,34 | / | 1 | / | / | / |
| Срби | 1 | 0,34 | 1 | / | 0,34 | / | / | / | 1 | / |
| Бошњаци | 2 | 0,68 | 1 | 1 | 0,34 | 0,34 | / | 1 | 1 | / |
| Останати | 1 | 0,34 | / | 1 | / | 0,34 | / | / | 1 | / |
| Вкупно | 294 | 100,00 % | 199 | 95 | 67,69 | 32,31 | 54 | 126 | 108 | 6 |

4. **ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ**

**Стратегија за управување со ризици**

Во Центарот за управување со кризи согласно Одлука на Влада има изработено Стратегија за управување со ризици 2016-2025 година. Истата е потребно да се ажурира со формирање на работна група во рамки на ЦУК – процес кој треба да го покрене раководниот орган.

Исто така, со Стратегијата, ЦУК има изготвено Регистар на управување со ризици кои произлегуваат од Процедурите изработени во ЦУК. Истиот е потребно да се ажурира со нови ризици од страна на раководителите на сектори/самостојни одделенија.

Воглавно утврдените ризици имаат рејтинг на низок ризик, односно во тековната година се надгледувани и за нив се превземани соодветни мерки кои ја сведуваат нивната веројатност за настанување и нивното влијание на минимум. При преоценувањето на ризиците е констатирано дека при добивањето на мислење во електронска форма/усно без доставен допис од страна на надлежен орган рејтингот на ризик е на средно ниво. Во тековната година во Центарот се одржува ризикот на прифатливо ниво.

**Ризик:** Ненавремена достава на стручно мислење по барање од организациона единица.
**Спроведена мерка:** Поголема интерна комуникација како предизвик во нареден период.

**Систем за управување со квалитет**

Центарот за управување со кризи е во фаза на воспоставување и имплементација на системот за управување со квалитет на услугите според МКС ЕН ИСО 9001:2015 и преземање на подготвителни активности за негова сертификација од независно сертифицирано тело.
Со имплементација на системот за управување со квалитет на услугите и воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето, ќе се создадат услови за подигнување на степенот на ефективност и ефикасност на администрацијата во Центарот за управување со кризи.

**Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори изработена 2021 година:**

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во субјектите во Системот за управување со кризи, се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи и мерењето

на степенот на ризиците, а со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во Системот за управување со кризи.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од страна на инспекторите од Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во однос на мерките предвидени во двете стратешките програми, оценка е дека е забележан висок степен на реализација

Во делот на мерките и активностите од тековното работење, забележеан е висок степен на реализација.

Постигнат напредок во делот на подигање на знаењето за принципите на родовата еднаквост, застапеност и вклучување на родовите перспективи со изработка на родово разделени статистички податоци.

Постигнат напредок во делот на подигање на знаењето за правична застапеност, со изработка на родово разделени статистички податоци.

Врз основа на оценките изнесени во претходните поглавја, би можело да се даде заклучок дека степенот на постигнување на резултатите и спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа, како и целокупното рабогење на Центарот е на средно ниво. Позначителни отстапувања во однос на реализацијата на Стратешкиот план и Годишниот план за работа на Центарот не се забележани. Се дава препорака да се продолжи со посветеноста при планирањето и следењето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа и во наредниот период.

Изработил:Севим Јакуп

Прегледал: Трајче Јовановски

Одобрил: д-р Стевко Стефаноски

**ДИРЕКТОР**

Стојанче Ангелов